Прирачник за студенти

4

# Искушение

## Подготовка и одговор на искушенијата



ГПНЖ

Групни Проучувања
за Нов Живот

# Искушение

## Подготовка и одговор на искушенијата

Од Давид Бети

Прирачник за студенти

5то Издание

Групни Проучувања
за Нов Живот

# Искушение

**Подготовка и одговор на искушенијата**

Прирачник за студенти

5$^{то}$ Издание

Од Давид Бети

Библиските стихови употребени во овој курс се од следните преводи на Библијата.

Стиховите означени со NLT се од Holy Bible, New Living Translation, copyright 1996, 2004. Употребено со дозвола од Tyndale House Publishers, Inc., Wheaton, Illinois 60189. Библија: (Свето Писмо): Стариот и Новиот Завет/Превод Душан Х. Константинов., copyright 2017: LOUKAS FOUNDATION NETHERLANDS, Сите права се загарантирани.

Copyright © 2022, Teen Challenge USA.

Овој курс во оригиналот е издаден на Англиски со наслов, *Temptation, 5th edition.*

Овие материјали може да се умножуваат и дистрибуираат за употреба во Teen Challenge, слични програми, локални цркви, училишта и други организации и поединци. Исто така, овие материјали може да се симнат од интернет на вебстраната: www.iTeenChallenge.org Оние кои сакаат да ги издаваат и продаваат овие материјали, мора да поседуваат дозвола од Global Teen Challenge, во пишана форма.

Овој курс е дел од материјалот **Групни Проучувања за Нов Живот** наменет за да се користи во црквите, училиштата, во склоп на разни служби во затворите, во Teen Challenge, како и во слични служби кои работат со нови христијани. Овој курс се состои од: Прирачник за Учители, Прирачник за Студенти, Водич за Проучување - Проекти, Тест и Сертификат. За повеќе информации за овие курсеви, контактирајте со:

Global Teen Challenge
PO Box 511
Columbus, GA, 31902 USA
Email: gtc@globaltc.org
Web: www.globaltc.org and
www.iTeenChallenge.org

Предизвик за млади на Македонија
П. Фах 143
1001 Скопје, Македонија
Е-пошта: TCmacedonia@t.mk

ГПНЖ
Групни Проучувања за Нов Живот

Датум на најновото ревидирано издание: 04-2022

# Содржина

**Глава 1. Искушенијата во животот на новиот христијанин ....................................4**

А. Што е искушение? ...........................................................................................4

Б. Како искушението се вклопува во животот на христијанинот? ...........................5

В. Дали ѓаволот те принуди да го сториш тоа? .........................................................6

Г. Како потребите во твојот живот се вклопуваат со искушението? ........................7

Д. Како твоите желби се вклопуваат со искушението? .............................................9

**Глава 2. Процесот со кој се надминуваат искушенијата ..........................................13**

А. Каде стоиш ти? ...................................................................................................13

Б. Дали тоа беше искушение? ..................................................................................14

В. Кои се чекорите потребни за надминување на искушението? ............................15

**Глава 3. Како да бидеш подготвен за искушението ..................................................20**

А. Приближи Му се на Бог ......................................................................................20

Б. Исполни ги твоите потреби на Божји начин .......................................................22

В. Допушти му на Бог да одреди кои желби се соодветни .....................................25

Г. Некои искушенија можат да се спречат ..............................................................28

Д. Бидете свесни за стратегиите на сатаната ...........................................................30

**Глава 4. Разбери го неуспехот и справи се со него на Божји начин .......................32**

А. Што се случува кога ќе му се предадеш на искушението? .................................32

Б. Зошто луѓето попуштаат и му се предаваат на искушението? ...........................37

В. Што треба да направиш откако си попуштил и си паднал во искушение? ........41

# Глава 1
# Искушенијата во животот на новиот христијанин

За некои христијани, зборот "искушение" едноставно значи неволја. "Ете, ѓаволот повторно ме напаѓа", воздивнуваат тие предавајќи се.

Но дали новите христијани треба да стравуваат од искушенијата? Што се всушност искушенијата? Како некој може успешно да им се спротивстави на искушенијата? Дали ти си единствениот христијанин кој се соочува со овие искушенија? Дали може да ги спречиме искушенијата? Што можеш да направиш за подготвено да ги дочекаш искушенијата? Што треба да направиш доколку си подлегнал на искушенијата? Ова се само некои од прашањата кои ќе бидат покриени во овој курс.

Да почнеме со дефиницијата за искушението.

## A. Што е искушение?

Некои луѓе зборот "искушение" го користат на многу општ начин. Било кој тест, потешкотија, испит, или проблем тие го нарекуваат "искушение." Во овој курс, кога ние го користиме зборот "искушение", ние мислиме само на оние ситуации кога сатаната ја искушува личноста да направи грев.

Ова е специфичната дефиниција за искушение, која ќе ја користиме ние:

**Искушение**

**Кога сатаната се обидува да те натера да ги прекршиш Божјите закони за да исполниш одредена потреба или желба во твојот живот.**

Сатаната сака да ги заслепува и намамува луѓето. Тој делува на ниво на површните потреби и те убедува дека тие се она вистинското. Тој те намамува за да размислуваш дека твоите проблеми ќе бидат решени доколку ги задоволиш твоите потреби и желби, на најбрзиот и на најлесниот можен начин. Проблемот е во тоа што, доколку го направиш она што тој ти кажува да го направиш, ти ќе прекршиш најмалку еден од Божјите закони.

Нема ништо погрешно или грешно во тоа да имаш потреби во животот. Бог те создал да имаш потреби. Но трикот на сатаната е во тоа што тој се обидува да те натера да си ги задоволиш твоите потреби, така што ќе ги прекршиш Божјите закони.

Ако си гладен, сатаната ќе се обиде да те натера да ја гледаш таа твоја потреба од чисто себичен агол. “Ти си гладен. Еве како најлесно ќе ја задоволиш таа твоја потреба. Само укради го сендвичот кога никој не те гледа. Никој нема да настрада. На продавницата нема да ѝ фали еден мал сендвич.” Сатаната те мами да мислиш дека неговото решение за твојот проблем е многу разумно. Тој те поттикнува на себични решениа, кои секогаш водат во грев.

Дали Бог ги искушува луѓето на грев? Јаков 1:13-14 дава јасен одговор на ова прашање.

**Јаков 1:13-14**

**13 Ниеден, кој е искушуван да не рече “Бог ме искушува.“ Зашто, Бог не се искушува од злото, и Самиот никого не искушува.**
**14 Туку секого го искушува неговата сопствена похот, која го влече и го мами.**

Јасно е дека Бог не ги искушува христијаните да прават грев. Но во исто време, ти имаш реални потреби.

## Б. Како искушението се вклопува во животот на христијанинот?

Обично бојното поле за искушенијата е нашиот ум. Искушенијата почнуваат како мисли. Зоран забележува убав џемпер и си мисли, “Леле ама ми е ладно. Навистина ми треба џемпер. Се прашувам дали можам да го украдам без да ме фатат?“ Од тоа како Зоран ќе ги процени своите први мисли, ќе зависи што тој понатаму ќе стори. Доколку тој попушти пред искушението, веројатно ќе се обиде да го украде џемперот. Или, тој може да донесе одлука да се спротивстави на искушението.

Твоите ставови имаат најголемо влијание врз твојата реакција на искушението. Доколку си развил Библиски начин на размислување, тогаш веројатно ќе ти биде лесно да се спротивставиш на искушението. Ова ќе го разгледаме подетално подоцна во овој курс.

Христијанскиот живот се состои од многу повеќе, отколку цело време да се бориш со сатаната. Немој постојано да бараш искушенија. Насочи го своето внимание кон тоа да живееш христијански живот, следејќи го примерот на Исус. Доколку се појави искушение на твојот пат, мисли на истото како на можност тоа да те донесе поблиску до Бог. Тој е Единствениот кој може да ти даде сила и мудрост за да го надминеш секое искушение кое ќе се појави на твојот пат.

Нормално е христијаните да бидат искушувани да направат грев. Никој не може да стане толку духовен за да престане да биде искушуван. Очекувај да се соочуваш со искушенија до крајот на твојот живот. Сепак, можеш успешно да ги надминуваш овие искушенија.

Библијата јасно кажува дека не е грев да се биде искушуван. Исус бил многу пати искушуван да направи грев. Сатаната исто се повикувал на потребите кои ги имал Исус во Својот живот, употребувајќи ги истите предлози за себични постапки кои што тој ти ги предлага и на тебе кога те искушува. Но Исус постојано се спротивставил на секое искушение.

**Евреите 4:15**

**Зашто, немаме првосвештеник кој не може да сочувствува со нашите слабости, туку Кој бил искушуван во сè како нас, освен гревот.**

**(Или со други зборови: Овој наш Првосвештеник ги разбира нашите слабости, затоа што се соочил со истите искушенија како нас, но Тој не направил грев).**

Има голема разлика помеѓу тоа да се биде искушуван и да се направи грев. Не треба да чувствуваш вина ако се соочуваш со многу искушенија, доколку не ги следиш решенијата на сатаната. Секое искушение може да биде можност да станеш појак христијанин.

## В. Дали ѓаволот те принуди да го сториш тоа?

Ако си искрен, нема да кажеш, "Ѓаволот ме натера да го направам тоа." И Бог и сатаната ќе ти даваат можности за да ги исполниш своите потреби и желби, но ниту едниот ниту другиот нема на сила да ги форсираат своите методи врз тебе. Изборот е твој.

Може да се каже дека овие можности кои ти се дадени за да ги задоволиш твоите потреби се како врати. И сатаната и Бог ќе ставаат врати пред тебе. И едниот и другиот ќе те охрабруваат да ги решаваш твоите проблеми користејќи ги нивните методи. Вратите кои сатаната ги става пред тебе се всушност искушенијата. Вратите кои Бог ги поставува таму се несебични решенија, решенија од кои ќе имаш многукратна корист. Понекогаш Бог може да постави две или три врати пред тебе кои се решенија за истата потреба. И сатаната може да направи така.

Сатаната ќе направи неговата врата да изгледа попривлечно од Божјата. Но тој ти кажува половина вистина.

На пример, Марија сака да има пријатели. Некои од учениците од нејзиното училиште ја поканувaат вечерва да дојде на забава. Кога таа пристигнува на забавата, открива дека сите на таа забава пушат марихуана. Сатаната отвара многу привлечна врата пред Марија. "Еве Марија, види колку пријатели можеш да имаш. Малку марихуана нема ништо да ти наштети. Мисли на тоа колку ќе бидеш среќна со толку многу нови пријатели."

Во тој момент, Божјата врата може нема да ѝ изгледа привлечно на Марија. Ако помине низ Божјата врата, најверојатно ќе треба да си замине од забавата. Ако го направи тоа, повеќето од луѓето на таа забава може да одлучат да не ја прифатат Марија за пријателка. Ако помине низ Божјата врата, таа ќе треба да најде пријатели на друго место. Но, каде? Кој?

Ако поминеш низ вратите на сатаната, секогаш ќе прекршиш барем еден од Божјите закони.  Но, сатаната не ти го кажува тоа. Тој не вели, “Еј Марија, ти зборува сатаната. Јас те искушувам да прекршиш едно од Божјите правила.
“ Не, сатаната едноставно ќе ти каже дека неговиот начин е најбрзиот и најлесниот начин да исполниш реална потреба или желба во твојот живот.

Понекогаш Божјите врати не изгледаат многу привлечно. Но, долгорочно, секогаш се докажува дека Неговиот начин е најдобар начин за да се исполни таа потреба или желба во твојот живот. Многу пати начините на сатаната изгледаат попривлечно бидејќи тој не ти ги кажува штетните последици доколку постапиш по негово. Тој само ти кажува дека ако поминеш низ неговата врата, твојата потреба ќе биде исполнета веднаш и сега.

Тој не ѝ кажа на Ева во Еденската градина дека ќе биде исфрлена од градината и дека ќе ги искуси сите ужасни последици на гревот, доколку јаде од плодот на тоа едно дрво. Кога Ева помина низ вратата на сатаната, таа се најде надвор од Божјата заштита.

Бог сака ние да имаме целосен и комплетен живот, живот во кој секоја наша потреба е задоволена. Ајде подетално да ги разгледаме потребите кои ги имаме во нашите животи и како тие се поврзани со искушенијата со кои се соочуваме.

# Г. Како потребите во твојот живот се вклопуваат со искушението?

Во Проектот 2 од Водичот за проучување - Проекти, кој е дел од овој курс, треба да наведеш листа од неколку искушенија со кои си се соочил неодамна. Додека ги читаш информациите за твоите потреби подолу, имај ги на ум ситуациите од твојата листа со искушенија.

За подобро да ги разгледаме потребите во нашите животи, истите ќе ги распоредиме во категории на слични потреби. Еве еден начин како можеш да ги групираш твоите потреби. За секоја од групите се дадени примери.

### Основни потреби на луѓето

1. **Физички потреби**—храна, облека, топлина

2. **Потреби за сигурност**—да припаѓаш
   —да бидеш заштитен
   —да се поистоветиш со идентитет на група
   —да ги разбереш правилата на животот

3. **Социјални потреби**—да имаш близок пријател
   —да имаш места каде што се чувствуваш удобно
   —да се дружиш со луѓе кои размислуваат слично со тебе, со машки и женски
   —да сакаш и да бидеш сакан

4. **Потреби за самопочит**—да бидеш прифатен од другите
—да бидеш почитуван од другите
—да те сметаат за важен

5. **Потреби за успех**—да ги користиш твоите способности и вештини
—да правиш значајни работи кои ти даваат чувство на исполнетост
—да знаеш дека напредуваш како личност
—да гледаш напредок во твојата работа

6. **Духовни потреби**—да го познаваш Бог лично, да бидеш исполнет со Неговото присуство
—да ти се простени гревовите за да немаш вина во твојот живот
—да бидеш успешен христијанин, кој ја извршува Божјата волја

Оваа табела за основните потреби на луѓето е заснована на хиерархијата на потребите од Аврам Маслов, а е дополнително развиена од Лоренс Колберг (Врз основа на "Духовните Потреби").

Бог нѐ создал со овие потреби. Тој ни обезбедил начини на кои можеме да ја исполниме секоја од овие потреби. Па, кои од потребите се најважни?

Сатаната ќе те искушува во онаа област во која имаш потреба која не била исполнета во скоро време. Нпр., тој нема да те искушува да украдеш храна 15 минути после обилен ручек кој си го имал во недела со семејството. Но, тој го искушувал Исус да ги претвори камењата во леб откако Исус постел 40 дена. Библијата ни вели дека Исус бил гладен кога сатаната го искушувал да го направи тоа. Исус имал реална потреба за храна.

Во некои случаи, ако една потреба не е исполнета, тогаш таа може да ја "потисне" секоја друга потреба што ја имаш. Ако не знаеш да пливаш и некој те турне од брегот во три метра длабока вода, потребата за воздух ќе стане многу поважна од сите други потреби кои ги имаш во моментот. Ќе заборавиш на тоа дека си гладен или дали ќе го положиш тестот утре на училиште.

Првите 5 групи потреби наведени на страна 7-8, многу пати течат по редоследот на кој се наведени. Личноста мора да се чувствува прво безбедно за потоа да може да ги исполни своите социјални потреби, како и потребите за самопочит и успех. Иако не секогаш е неопходно да ги задоволиш сите твои потреби пред да ги задоволиш твоите духовни потреби, сепак другите потреби имаат влијание на тоа колку лесно ги исполнуваш твоите духовни потреби. Кога некој е гладен, веројатно нема да биде заинтересиран да дискутира за духовните проблеми.

**Дали ова е вистинска потреба?**

1. Имам потреба да се расправам со оној кој не е во право!
2. Имам потреба да си ја бранам својата репутација. Морам да се изборам со него за да докажам дека нема лесно да си помине ако не ме почитува.
3. Имам потреба да ја искритикувам оваа личност бидејќи се однесува недолично.
4. Не можам а да не им завидувам што имаат нова кола.

Ако сакаш да си успешен христијанин, неопходно е да откриеш на кои начини Бог ги задоволува потребите во твојот живот. Исто така мора да научиш, јасно да ја препознаеш потребата, веднаш штом таа ќе се појави. Сепак, многупати сатаната ќе се повика на **желбата** која ја имаш и ќе се обиде да те убеди дека таа желба е твоја реална потреба. Ајде подетално да ги разгледаме нашите желби и да видиме како тие се вклопуваат во искушението.

## Д. Како твоите желби се вклопуваат со искушението?

Која е разликата помеѓу потреба и желба? Дали желбите можат да станат потреби? Дали Бог само гледа да ги исполни твоите потреби, или Тој исто така сака да ги задоволи и твоите желби? Дали личноста може да има грешни желби?
Како христијанинот може да знае дека она што тој го посакува му е угодно на Бог?

Првото искушение запишано во Библијата се врти околу желба а не потреба. (прочитај Битие, глава 3). Сатаната ја убеди Ева дека ако јаде од плодот на тоа едно дрво, таа ќе стане како Бог, ќе ја знае разликата помеѓу доброто и злото. Дали Ева имаше потреба да биде како Бог? Не, но сатаната направи тоа да звучи така, дека тоа би ѝ помогнало таа да стане подобра личност. Набрзо, нејзината желба презеде контрола врз нејзиното срце, и таа направи грев со тоа што беше непослушна кон Бог.

**Поврзаноста помеѓу нашите потреби и нашите желби**

На пример, имаш **потреба** од храна. Но **посакуваш** големо топло чоколадо со шлаг.

Имаш **потреба** од зимска јакна, особено ако врне снег надвор. Но можеби **посакуваш** да имаш 7-8 јакни. Можеби **посакуваш** да имаш долга кожна јакна.

Имаш **потреба** од пријатели, но **посакуваш** таа една личност да биде твој пријател или твоја пријателка, особено ако тој/таа е богат/а, или ако е многу убав/а!

**Потреба** — нешто што од нас се бара да го имаме за да го живееме и одржуваме животот до неговиот целосен потенцијал.

**Желба** — нешто што сакаме да го имаме, но не ни е и нужно потребно.

Нам ни е потребна одредена количина на храна секој ден, но многу од нас сакаат да јадат многу повеќе од она што е неопходно—екстра порција компири, десерт, чоколадо, или "нездрава храна". Ние толку многу се навикнуваме да си ги задоволуваме нашите желби, што почнуваме да веруваме дека нам навистина ни е потребна сета таа дополнителна храна.

Она што му се случило на Александар всушност им се има случено на илјадници други. Тој почнал да пуши марихуана бидејќи сакал да биде прифатен од другите млади луѓе на негова возраст. Сатаната се повикал на неговата потреба за пријатели. Еден ден неговите пријатели го запознале со тешките дроги.

Александар го игнорирал Божјиот начин кој можел да му помогне да си најде нови пријатели, и набргу тој бил зависен од хероин. Неговото тело копнеело за дрога. Она што почнало како нешто што тој сакал да го направи, станало сила која што го контролира и манипулира неговиот живот.

## Кога Исус бил искушуван да направи грев

Преку трите искушенија, сатаната се обидел да го натера Исус да ги исполни различните потреби и желби во својот живот.

**1во искушение — да ги претвори камењата во леб.** Матеј 4:2–4

Потреба – Исус бил физички гладен. Му требало храна.

Желба – Да докаже дека има моќ сам да ја исполни оваа потреба во својот живот. Да докаже дека може да направи чудо.

**2ро искушение — да се фрли од врвот на храмот.** Матеј 4:5–7

Желба – да докаже дека му верува на Бог

Желба – да докаже дека Бог ќе го спаси.

**3то искушение — Сатаната му нуди на Исус контрола над цел свет.** Матеј 4:8–10

Откако ги виделе сите царства на светот, сатаната сето тоа му го понудил на Исус, ако Тој само му се поклони и го обожава него.

Желба – да ја изврши својата задача и да го задобие (да го освои) светот на лесен начин (за разлика од Божјиот начин, со кој Исус на крај требаше да помине низ болната смрт на крстот).

Сатаната ќе направи сè што е во неговата моќ за да те направи роб на погрешните желби. Библијата има стриктни совети во врска со ова, и притоа објаснува зошто некои христијани се несреќни..

**Јаков 4:1-3**

**[1]Од каде се војните и од каде се борбите меѓу вас? Не доаѓаат ли од вашите страсни желби, што се борат во вашите членови? [2]Сакате и немате, убивате и завидувате, и не можете да постигнете; се борите и војувате. Немате, зашто не молите. [3]Барате, но не добивате, зашто барате погрешно, за да го трошите во вашите страсни желби.**

Сексот е една од областите околу која сатаната успешно поттикнува многу насилни и злобни желби. Желбата за хомосексуални врски, страст по нечиј друг сопруг или сопруга, и злоставување на деца, се неколку примери за злобни желби кои се поврзани со секс. Овде спаѓаат и сексуалните фантазии. Други видови на желби инспирирани од сатаната се да го повредиш или да го убиеш некого, да уништиш туѓ имот, да украдеш, да лажеш, да пцуеш, да се одмаздуваш. Овие желби инспирирани од сатаната се себични и без љубов. Тие се искривување на вистинските потреби.

Бог нам ни заповедал да ги отфрлиме злобните желби. Види Ефесјнаите 4:17-32 и Колосјаните 3:5-15. Во најголем број од случаите, само Бог може да ти даде сила, за овие злобни желби да ги исфрлиш од твојот живот и да ги замениш со такви желби кои се инспирирани од Бог. Да се биде следбеник на Исус значи да се трудиш да размислуваш како Исус—да реагираш така како што Тој би реагирал.

Понекогаш површните желби ги покриваат вистинските потреби во нашите животи. Ако откриеш која ти е вистинска потреба, тоа ќе ти помогне да ја ставиш на страна таа површна желба, и тогаш полесно ќе можеш да увидиш кој е вистинскиот проблем. Ова би требало да ти олесни да ја примениш Божјата помош во решавањето на проблемот.

Секогаш кога си искушуван да одиш по злобната желба, биди сигурен дека всушност си искушуван да направиш грев. Пораките на медиумите во нашата култура честопати се повикуваат т.е. ги користат грешните желби —рекламите честопати вклучуваат сексуални пораки. Порнографијата е лесно достапна на интернет. ТВ и филмовите честопати гревот го претставуваат на привлечен начин, што им олеснува на луѓето да се предадат на грешните желби.

Бог не сака да ги игнорираш сите твои желби. Некои желби не се грешни. Ако внатрешно имаш грешни желби, тие можат да бидат променети. Желбите се слични на твоите ставови, со тоа што и желбите и ставовите се научени. Сега кога си христијанин, треба внимателно да ги процениш твоите желби и да работиш на развивање на желби кои Бог сака да ги имаш.

Во 2 Тимотеј ни се дадени добри совети за нашите желби.

**2 Тимотеј 2:22**

**Бегај од младинските желби! Стреми се кон правда, вера, љубов и мир со оние кои го повикуваат Господа од чисто срце.**

Научи како да посакуваш вера, љубов и мир. Псалмот 37 ни дава прекрасно ветување за нашите желби.

**Псалм 37:4-5**

**[4] Сета твоја радост нека биде во Господа: Тој ќе ги исполни желбите на твоето срце! [5] Предај му ги на Господа своите патишта, надевај се на Него, и Тој ќе води сѐ.**

Бог е загрижен и заинтересиран за твоите потреби и желби. Тој ветил дека ќе ја исполни секоја твоја потреба. Тој сака да ги исполни желбите на твоето срце, ако твоето срце е посветено да ја извршува Неговата волја.

# Глава 2
# Процесот со кој се надминуваат искушенијата

Не постојат волшебни решенија за моментално надминување на секое искушение со кое се соочуваш, но Бог ветува дека ќе ти помогне кога си искушуван. Исто така го имаш Светиот Дух како твој водач и учител. Можеш да научиш успешно да им се спротивставуваш на искушенијата. Па, од каде почнува тој процес за новиот христијанин?

## A. Каде стоиш ти?

Дали некогаш си се обидел да одиш врз некоја ограда или ѕид? Ако некогаш си се обидел да го направиш тоа, знаеш дека тоа е тешко да се направи, особено ако ѕидот е тесен. Некои нови христијани се обидуваат да одат по оградата. Тие сè уште не одлучиле дека потполно сакаат да се откажат од работите кои им причинуваат задоволство а кои се дел од нивниот поранешен живот како грешник.

На едната страна од оградата се наоѓа животниот стил, според кој Бог сака Неговите деца да живеат. На другата страна од оградата е ѓаволот, кој те искушува да дојдеш и да уживаш во сите негови задоволства некое време.

Секој христијанин мора да донесе одлука. Не можеш да одиш по оградата до крајот на твојот живот. Мора да одлучиш дали ќе го следиш Божјиот пат т.е. начин, или патот на сатаната. Ако сакаш да научиш како успешно да се спротивставиш на искушенијата на сатаната, мора целосно да се посветиш на следењето на Божјиот пат.

Јаков 4:7-8 јасно ни дава совет за тоа што Бог сака христијаните да направат, кога сатаната ги искушува.

> **Јаков 4:7-8**
>
> **[7]И така покорете Му се на Бога; а противете се на ѓаволот и ќе побегне од вас. [8]Приближете се кон Бога, и Тој ќе се приближи кон вас; Исчистете ги рацете, грешници, и очистете ги срцата, луѓе со разделени души!**

Ако одлучиш да Му се приближиш на Бог, Тој ветува дека и Тој ќе се приближи кон тебе. Ова укажува на друг клучен проблем. Во кој правец се движиш? Дали со секој изминат ден се приближуваш поблиску до Бог? Или пак се обидуваш да држиш рамнотежа одејќи по врвот на оградата?

Па така, првиот голем чекор кој треба да го направиш за да го надминеш искушението е да одбереш на која страна сакаш да бидеш—на Божјата страна или на страна на сатаната. Откако ќе ја донесеш таа одлука, тогаш ќе ти биде многу полесно да ги направиш следните чекори кои се потребни за надминување на искушението преку преземање на конкретни дејствија во таа насока.

## Б. Дали тоа беше искушение?

Еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат новите христијани е да знаат кога се искушувани. Многу пати, кога тие ќе сфатат дека биле искушувани, искушението е веќе поминато. Ова е дел од планот на ѓаволот. Тој не застанува пред тебе со голем транспарент на кој пишува, “Ова е ИСКУШЕНИЕ.” Многупати тој дури и не се открива пред тебе. Тој едноставно вели, “Дали сакаш или ти треба нешто? Еве како најлесно да го добиеш тоа!“

Ако сакаш успешно да се спротивставуваш на искушенијата на ѓаволот, тогаш треба да научиш како да го препознаваш искушението веднаш штом ќе почне. Размисли за изминатите неколку дена. Дали можеш да се сетиш кога си бил искушуван да направиш грев во тие денови? Како си го препознал тоа тогаш? Колку брзо препозна дека тоа беше искушение? Дали има ситуации кога ти е тешко да препознаеш дали некоја одредена мисла е искушение или не?

Бог ветува дека ќе ти помогне кога си искушуван. Тој ќе ти зборува преку твојата совест и ќе ти каже кога сатаната се обидува да те наведе на грев. Треба да научиш да го слушаш Бог внимателно, и да препознаеш кога Тој ти зборува.

Друг начин на кој можеш да препознаеш дека сатаната те искушува е да видиш каква можност имаш пред себе. Запрашај се себеси, “Ако го направам ова, дали ќе прекршам некој од Божјите закони?“ Ако одговорот е “да“, ќе знаеш дека оваа можност не е од Бог.

Друго прашање кое можеш да си го поставиш себеси е, “Ако го направам ова, дали тоа ќе ми помогне да се приближам поблиску до Бог?“ Ако мислиш дека тоа ќе те оддалечи од Бог, тогаш размисли подетално. Можеби си цел на едно од искушенијата на сатаната.

Секој нов христијанин ќе биде цел на многу од искушенијата на сатаната. Тој ќе направи сѐ што може за да го уништи новиот живот што си го нашол во Христос. Затоа, многу е важно да се стекнеш со вештини со кои ќе можеш да го препознаеш искушението веднаш штом ќе се појави. Ова е неопходно ако сакаш успешно да се спротивставиш на искушението и твоите желби и потреби да ги исполнуваш на начин на кој Бог сака да го направиш тоа.

Откако ќе сфатиш дека си искушуван, тогаш ќе можеш да реагираш на начин кој ќе ти помогне да се спротивставиш на предлогот на ѓаволот.

# В. Кои се чекорите потребни за надминување на искушението?

Ако сакаш да си успешен во надминување на искушението, мора да имаш план, или процес кој ќе го употребиш кога ќе бидеш искушуван да направиш грев. Кога една војска оди во војна против непријателот, тие прават план, и потоа го следат тој план кога ја започнуваат битката. И ние треба така да направиме за да одговориме на искушенијата кои доаѓаат во нашиот живот. Ние треба да имаме план, а потоа и одлучност да го следиме тој план секогаш кога сме искушувани. Ајде сега да разгледаме една шема за одговор на искушение, која ќе ни помогне да се приближиме поблиску до Бог секогаш кога сме искушувани.

### Чекори потребни за надминување на искушението

1. Сфати дека си искушуван
2. Кажи “НЕ" на искушението
3. Почни да разговараш со Бог
4. Запрашај се себеси, “Која потреба сатаната сака да ме натера да ја исполнам?”
5. Види кои се Божјите начини за да се избавиш од ова искушение
6. Постави си цели кои ќе ти помогнат да ги исполниш твоите потреби на Божји начин

Ајде сега, одблиску да го разгледаме секој од овие чекори. Додека ја проучуваш оваа шема за одговор на искушение, имај ги во предвид неколку од неодамнешните искушенија со кои си се соочил. Обиди се да си замислиш како би реагирал на тие искушенија доколку ги користеше следните 6 чекори.

## 1. Сфати дека си искушуван

За оваа тема веќе беше дискутирано на страна 14 од овој прирачник. Кога се наоѓаш сред искушение, можеби сакаш да си кажеш себеси, или гласно да кажеш, “Јас сум искушуван да направам грев.” Самото тоа што ќе се слушнеш себеси како ги кажуваш тие зборови може да ти помогне да продолжиш со следните чекори од оваа шема.

Сатаната е мајстор на измамата. Сатаната ќе се обиде да те прелаже за да поверуваш дека ти всушност не си искушуван да направиш грев. Мора да си внимателен и секоја желба да ја ставиш на “тестот на вистината“, т.е. секоја желба треба да ја испиташ преку Божјата вистина. Тогаш ќе видиш дека всушност тоа е искушение кое те наведува да направиш грев.

## 2. Кажи “НЕ" на искушението

Откако ќе сфатиш дека си искушуван да направиш грев, мора да донесеш одлука. Или ќе го послушаш искушението и ќе размислуваш дека тоа е многу елегантно решение со кое на лесен начин ќе ја задоволиш својата потреба, или ќе одлучиш да го отфрлиш тоа како решение. Ако кажеш, “Не,” недвосмислено ќе се изјасниш дека стоиш на Божјата страна. Сепак, ако кажеш, “Можеби,” или “Треба да размислам за ова,” тогаш покажуваш дека ти сѐ уште се обидуваш да одиш врз оградата.

Кога Исус беше искушуван да направи грев, Тој одби да ги земе предвид плановите на сатаната за да ги исполни своите потреби. Исус рече,“Не” на секое едно од искушенијата на сатаната. И ти можеш да го сториш истото. Бог ветил дека ќе ти ја даде потребната сила за да се спротивставиш на секое искушение.
(Види 1 Коринтјаните 10:13.)

Не двоуми се да кажеш “Не“ на секое искушение од сатаната. Колку побрзо кажеш “Не“, толку полесно ќе продолжиш со следниот чекор.

Друг начин да се каже “НЕ” на искушението е да си заминеш од она или од оној кој е причина за искушението. Ако можеш да се помрднеш, или да погледнеш во друг правец, или да се ослободиш од она што те искушува—направи го тоа! Во Стариот Завет, Јосиф го сторил тоа кога се соочил со многу тешко искушение. (Види Битие 39.) Во Изреки 4:23-27 се дадени некои дополнителни совети за тоа како да се избегнат сексуалните искушенија.

Во 1 Солуњаните 5:22 се вели, “Воздржувајте се од секоја појава на зло“ или со други зборови - “Држете се подалеку од сѐ што дури личи на грев!“ Најлесен начин да се спротивставиш на некои од искушенијата е едноставно да го послушаш Божјиот совет од овој стих—само стој подалеку од тоа.

## 3. Почни да разговараш со Бог

Биди искрен со Бог. Кажи Му точно како се чувствуваш. Можеби за тебе, планот на сатаната претставува преголемо искушение. Не се плаши да Му кажеш на Бог како се чувствуваш. Сатаната сака ти да разговараш само со него. Тој не сака ти да бараш совет од Бог за Неговите идеи.

> Не мора да му докажуваш ништо на сатаната.
> И Исус не се обидел да му докаже ништо на сатаната.
> Види Матеј 4:1-11.

Кога Му се молиш на Бог, внеси ги Неговите ветувања во разговорот. Ова ќе ти помогне да се потсетиш на она што Бог ти ветил дека ќе направи за тебе. Исто така, Неговите ветувања можат да те охрабрат и поттикнат да го откриеш Божјиот начин за да ги исполниш твоите потреби и желби. Цитирај стихови кои се однесуваат на искушението. Така направи и Исус кога беше искушуван.

Барај од Бог да ти даде да сакаш (желба) и да можеш (сила) да се спротивставиш на искушението. Продолжи да разговараш со Бог додека одиш понатаму следејќи ги преостанатите чекори од оваа шема за спротивставување на искушението.

## 4. Запрашај се себеси, “Која потреба сатаната сака да ме натера да ја исполнам?”

Сатаната секогаш се повикува на некоја желба или потреба која ја имаш. Обиди се да откриеш која е потребата или желбата, колку што можеш побрзо. Во исто време, треба да размиислуваш каков би бил крајниот резултат доколку постапиш според советот на сатаната. Сатаната не сака да мислиш на штетата која може да произлезе утре или следната недела. Тој сака ти само да размислуваш на задоволството кое ќе го искусиш овде и сега доколку твојата потреба или желба ја исполниш на негов начин.

Гревот е крајниот резултат на секое искушение од сатаната. Јаков 1:14-16 објаснува како се одвива овој процес.

**Јаков 1:14-16**

**14Туку, секого го искушува неговата сопствена похот (злобна желба), која го влече и го мами. 15Потоа, похота зачнува и раѓа грев, а направениот грев раѓа смрт. 16Не заблудувајте се (не дозволувајте да бидете измамени), возљубени браќа мои.**

Дали ти е тешко да ја одредиш потребата или желбата во твојот живот која е поврзана со ова искушение? Тогаш моли се и барај од Бог да ти помогне да разбереш кои се потребите и желбите поврзани со ова искушение. Барај од Бог помош за да ги исполниш овие потреби на побожен начин. Ако искушението е поврзано со желба која те наведува на грев, барај од Бог сила да се спротивставиш на таа желба и да ја замениш истата со побожна желба.

Ако знаеш која е потребата или желбата која сатаната те тера да ја исполниш, тогаш подготвен си да поминеш на следниот чекор.

## 5. Види кои се Божјите начини за да се избавиш од ова искушение

Библијата е полна со совети за тоа како Бог сака ти да ги исполнуваш твоите одредени потреби или желби. Единствениот проблем кој може да се појави е тоа што понекогаш е тешко да дознаеш што Бог сака да направиш во некоја одредена ситуација. Меѓутоа, многупати, кога си искушуван, нема да можеш да го земеш Библискиот толковен речник и да ги пронајдеш оние 10 или 15 стихови кои се однесуваат на потребите или желбите за кои си искушуван да ги исполниш во тој момент. Подоцна, во оваа книга, подетално ќе дискутираме за тоа на кој начин ти можеш да се подготвиш, за подготвено да го дочекаш искушението.

Нам ни е дадено Божјото ветување дека Тој ќе ни ги исполни сите наши потреби. Филипјаните 4:19 вели, “А мојот Бог ќе ја исполни славно секоја ваша потреба, според Своето богатство – во Христа Исуса.” Ѓаволот ќе се обиде да те измами за да поверуваш дека некои од твоите желби се всушност вистински потреби. Но, Бог ветил дека Тој ќе ги исполни и твоите желби, доколку ти потполно си Му посветен Нему.

**Псалм 37:4-5**

**4 Сета твоја радост нека биде во Господа: Тој ќе ги исполни желбите на твоето срце! 5 Предај Му ги на Господа своите патишта, надевај се на Него, и Тој ќе води сè.**

Прашањето кое треба да си го поставиш себеси кога сатаната те искушува да си исполниш желба во твојот живот е, "Дали исполнувањето на оваа моја желба се вклопува во Божјите приоритети за мене? Што е најважно во овој момент во мојот живот?" Толку е лесно целото свое време да го трошиме на задоволување на нашите желби и потреби, што забораваме на потребите на другите. Сатаната сака ти да бидеш себичен. Бог сака да го кренеш погледот од себе и да се вклучиш во помагањето на другите луѓе.

Без оглед за какво искушение се работи, Бог ти ветил дека ќе ти помогне да најдеш излез. Процесот на изнаоѓање Божји начин за излез од искушението се состои од два дела. Прво, мора да одлучиш дека ќе ги дисциплинираш твоите мисли. Не секогаш можеш да ги сопреш грешните мисли да влезат во твојот ум, но, штом ќе сфатиш дека искушението е во твојот ум, можеш брзо да одлучиш што ќе направиш со истото. Тие мисли мора да ги заробиш и да ги направиш послушни на Христа.

**2 Коринтјаните 10:5**

**Па ги рушиме мудрувањата; и секое превознесување што се крева против познавањето на Бога; и ја поробуваме секоја мисла за послушност на Христа.**

Бог ќе ти даде сила да го направиш ова, но Тој нема да ја изврши работата наместо тебе. Ти мора да ги заробиш тие мисли и да ги држиш поробени.

Второ, Бог ветил дека ќе ти даде излез од секое искушение. Ти мора да го најдеш тој излез, и да бараш од Бог да ти помогне во тоа.

**1 Коринтјаните 10:13**

**Никакво искушение не ве постигна, освен човечкото. А Бог е верен и не ќе дозволи да бидете искушувани над вашите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го издржите. (Со други зборови: Вие не сте искушувани на поинаков начин од другите луѓе да направите грев. Бог е верен. Тој нема да дозволи да бидете искушувани повеќе отколку што можете да издржите. Но, кога сте искушувани, Тој ќе ви даде излез за да не направите грев.)**

Можеби не знаеш како најдобро да ги задоволиш твоите потреби на Божји начин, но можеш да знаеш дека Бог ќе ти помогне да најдеш излез од секое искушение. Бог секогаш ги одржува Своите ветувања. Но ако сакаш, во иднина, да му ја отежниш работата на сатаната да те искушува во одредена област, тогаш прво откриј кој е Божјиот начин за да ја исполниш таа потреба или желба, па направи го следниот чекор.

## 6. Постави си цели кои ќе ти помогнат да ги исполниш твоите потреби на Божји начин

Да кажеш “Не” на искушението, не значи дека треба да кажеш и не за потребата која се однесува на твојот живот.

Кои се некои практични работи кои можеш да ги направиш за да почнеш да ги исполнуваш твоите потреби или желби на Божји начин? Прво, пронајди некои Библиски стихови кои зборуваат за тоа како Бог сака ти да реагираш на таа потреба или желба. Научи го на памет тој стих. Потоа, почни да си поставуваш едноставни, мали цели кои ќе можеш да ги завршиш за еден ден. Можеби, за ова ќе ти треба мала помош. Не се плаши за ова да разговараш со некој твој пријател кој е христијанин. Според она што го кажува 1 Коринтјаните 10:13, тој или таа веројатно веќе се соочиле со исто или со слично искушение.

Веднаш почни да работиш на овие цели. Колку побрзо почнеш, толку потешко ќе му биде на сатаната да те искушува. Исто така, повторно донеси одлука дека се заветуваш дека ќе се спротивставуваш на искушенијата од ѓаволот. Како што доаѓаш поблиску до Бог, така ти станува полесно да дознаваш како Бог бара од тебе да ги исполнуваш потребите и желбите кои ги имаш.

Овие шест чекора можат да ти помогнат успешно да ги надминуваш искушенијата кои те наведуваат да направиш грев. Но не се обидувај овие чекори да ги следиш со свои сопствени сили. Барај од Бог да ти даде да сакаш (желба) и да можеш (сила) да го надминеш секое искушение со кое се соочуваш. Можеш да научиш од искуство да кажеш, “Сè можам преку Христа, Кој ми дава сила.” (Филипјаните 4:13) Колку повеќе искушенија ќе надминеш, толку посилен ќе бидеш во твојот Христијански живот.

# Глава 3
## Како да бидеш подготвен за искушението

Треба со сигурност да знаеш, дека искушенијата кои ќе те наведуваат на грев ќе ти го попречуваат патот по кој си тргнал. Секој христијанин ќе продолжи да биде искушуван за да направи грев, до денот додека не умре, иако со тек на време, видовите на искушенија како и приликите за искушенија ќе се менуваат. Ајде да ги разгледаме некои од работите кои можеш да ги направиш, за да се подготвиш себеси за искушенијата кои ќе дојдат во твојот живот.

## A. Приближи Му се на Бог

Најважниот начин на кој можеш да се подготвиш за искушенијата нема директна врска со некое посебно искушеније. Јаков 4:7 и 8 објаснува што да направиш кога сатаната те искушува.

**Јаков 4:7-8**

**7И така, покорете Му се на Бога; а противете се на ѓаволот и (тој) ќе побегне од вас. 8Приближете се кон Бога, и Тој ќе се приближи кон вас. Исчистете ги рацете грешници, и очистете ги срцата, (вие) луѓе со разделена душа!**

Клучот за да се спротивставиме на нападите на ѓаволот, е да се приближиме до Бог. Исто така, ова е најважниот начин на кој можеш да се подготвиш за искушенијата кои сè уште се пред тебе. Божјото ветување во Филипјаните 4:13 е јасно. "Сè можам преку Христа, кој ми дава сила" (или со други зборови "сè можам да направам бидејќи Христос ми дава сила"). Како се приближуваш поблиску на Бог, така Тој ќе те опремува со потребното за да можеш да се спротивставиш на секое посебно искушение.

**Ефесјаните 6:10-11**

**10Најпосле, јакнете во Господа и во силата на Неговата моќ! 11Облечете се во сето Божје оружје, за да можете да им се спротвиставите на измамите на ѓаволот.**

Ако сакаш да ја имаш Божјата сила внатре во себе, кога се соочуваш со искушенијата, тогаш треба да се стекнеш со таа сила пред искушението да дојде. Кошаркарот не чека да дојде првиот натпревар од сезоната за да се подготви за игра. Тој вежба и тренира во текот на многу недели пред да се случи првиот натпревар. Долго однапред тој донесува одлука дека ќе се подготви себеси. Кога се одлучил да биде дел од тимот, тој знаел дека ќе мора да помине многу часови во напорен тренинг.

Но, сите тие подготовки ќе се исплатат кога ќе почне натпреварот и кога тој ќе му помогне на својот тим да победи.

Ако сакаш успешно да ги надминуваш искушенијата кои те наведуваат на грев, тогаш треба секој ден да одвојуваш време за читање Библија и за молитва, за да имаш духовна сила која ќе ти биде потребна. Исто така, важно е да си сигурен дека твојата одлука да му се посветуваш на Христос, е цврста.

Ако некој сѐ уште не се одлучил дали да стане христијанин, тогаш нему ќе му биде тешко да се дисциплинира за да ја проучува Библијата и да се моли. Откако ќе одлучиш целосно да Му се посветиш себеси на Христос, ќе ти биде полесно со цело срце да се потрудиш и да се подготвиш за искушенијата кои со сигурност ќе дојдат.

Исто така, Бог ветува, дека ќе го заштити секој христијанин кој се соочува со искушение кое го наведува да направи грев.

**1 Коринтјаните 10:13**

**Никакво искушение не ве постигна, освен човечкото. А Бог е верен и не ќе дозволи да бидете искушувани над вашите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го издржите. (Со други зборови: Вие не сте искушувани на поинаков начин од другите луѓе да направите грев. Бог е верен. Тој нема да дозволи да бидете искушувани повеќе отколку што можете да издржите. Но, кога сте искушувани, Тој ќе ви даде излез за да не направите грев.)**

Клучната работа што треба да се разбере овде е дека Бог ќе ти даде излез за да избегаш од секое искушение кое доаѓа на твојот пат. Кога се подготвуваш за искушенијата, треба да научиш кои се Божјите "маршрути за бегство". Библијата ни дава јасни упатства за тоа како да ги избегнеме искушенијата. Во Битие 39, Јосиф побегнал од личноста која што го искушувала да направи грев. Тоа може и за тебе да биде Божји начин, кој ќе ти помогне да не паднеш во одреден грев. Во други случаи, Божјиот начин можеби ќе значи да му се спротивставиш на ѓаволот и да стоиш цврсто, повикувајќи се на Божјите ветувања дека Тој ќе ти даде сила да се спротивставиш на искушението кое те наведува на грев.

Кога учиш кој е Божјиот начин на кој треба да реагираш кога си во искушение, пред тебе се покренува и друго прашање. Треба да научиш да го слушаш Бог. Бог ретко зборува со силен, громогласен глас, кога ни дава некој совет. Тој вообичаено ни зборува преку "малиот – тивок глас" на нашата совест.

**Галатјаните 5:16**

**А велам: Одете во Духот (дозволете му на Светиот Дух да го води секој ваш чекор) и нема да ги исполнувате страстите на телото (нема да си угодувате на вашите грешни страсти како во минатото).**

Исто така, додека го проучуваш Божјиот збор и се молиш, Светиот Дух ќе те води кон вистината. Ако постои одредено искушение околу кое особено се мачиш, тогаш, барај од Светиот Дух да ти покаже кој е Божјиот начин на кој ќе можеш да го надминеш тоа искушение. Можеби нема да ти биде лесно да научиш да Го слушаш

Бог. Но, Бог е верен и трпелив. Колку повеќе Му се приближуваш на Бог, толку полесно ќе слушаш што Тој ти вели.

# Б. Исполни ги твоите потреби на Божји начин

Повеќето нови христијани имаат барем едно искушение кое ѓаволот го користи секој ден за да ги наведе да направат грев. Ако имаш некое такво искушение, тогаш можеби ќе ти биде од помош подетално да го разгледаш следново.

## 1. Препознај ги твоите главни искушенија

Наврати се на задачата што ја направи од Водичот за проучување – Проект Два, **"Да ги препознаам моите искушенија."** Во овој проект, ти ги препозна и ги испита некои од твоите скорешни искушенија. Можеби ќе сакаш да поминеш некое време, за да одговориш на истите тие прашања имајќи го предвид искушението со кое најмногу се соочуваш.

Размисли дали постои некоја шема во врска со ова искушение. Дали тоа доаѓа во одреден дел од денот: нпр., веднаш после јадење? Или дали тоа доаѓа кога си на некое одредено место или со некои одредени луѓе? Овие информации може да ти помогнат да одредиш кој би бил соодветниот начин на кој можеш да се подготвиш за ова искушение.

Марко стана христијанин пред само неколку дена. Тој сака да престане со пушењето, но тешко му оди. После секое јадење, искушението да запали цигара е особено големо. Зошто? Бидејќи тој секогаш имал обичај после секое јадење да запали цигара. "Тоа ми помагаше да се опуштам", вели Марко. "Тоа ми беше како шлаг на тортата. Правеше мојот оброк да биде целосен."

Можеби нема да успееш да пронајдеш некоја редовна шема според која се појавува твоето главно искушение. Ако е така, во следните некоклу дена, запишувај во кое време се појавува искушението. При тоа, можеш да ги користиш прашањата наведени во проектот 2 од твојот Водич за Проучување - Проекти.

## 2. Препознај ги потребите кои сатаната се обидува да те натера да ги исполниш

Откако ќе добиеш јасна слика за тоа кое е искушението што сатаната го користи најчесто кај тебе, време е да почнеш да се подготвуваш за истото. Обиди се да откриеш која е потребата и желбата што сатаната се обидува да те натера да ја исполниш во твојот живот.

Не е лесно, во овој момент, да се процени, во која категорија спаѓа искушението кое Марко го има за пушењето. Чувството на исполнетост што тој го имал кога пушел после јадење, веројатно спаѓа во категоријата "желби". Веќе кажавме дека сатаната нè искушува, да исполниме потреба или желба во нашите животи. Сепак, можеби имало некои други потреби кои биле исполнети преку пушењето во животот на Марко, а за кои тој не бил ни свесен. Нпр., можеби за него, пушењето било начин да се опушти. Ако Марко сега увидува дека многу лесно се вознемирува и дека во таква

ситуација има искушение да запали цигара, тој може да заклучи дека веројатно пушењето во минатото му помагало да ја исполни таа своја потреба во својот живот.

Клучот за Марко да го надмине ова искушение е во тоа тој да пронајде други начини преку кои ќе ги исполни тие свои потреби и желби. Откако тој ќе го открие Божјиот начин на опуштање, и чувството на “целосност“, што ги прави неговите оброци толку за уживање, тој ќе биде блиску да го најде решението за своето искушение. Сега, следниот голем чекор кој треба да го направи, е таа своја потреба секогаш да ја исполнува на Божјиот начин.

На страните 7 и 8 од овој Прирачник, ние зборувавме за различните видови на потреби кои сите ние ги имаме. Сега, наврати се на тој дел од прирачникот и запрашај се себеси: “Кои од овие потреби ми е тешко да ги исполнам?“ Не мораш да чекаш сатаната да те искушува, за да почнеш да бараш начин како да ги исполниш твоите потреби. Штом ќе дознаеш дека имаш потреба, почни да бараш Божји начин за да се справиш со таа потреба. Еден од најдобрите начини да го спречиш сатаната да те искушува во одредени области е веднаш да ги исполниш тие потреби на Божји начин.

## 3. Откриј го Божјиот начин за исполнување на твоите потреби

Во Филипјаните 4:19, ние го имаме ветувањето дека “Бог ќе ја исполни славно секоја ваша потреба, според Своето богатство – во Христа Исуса.” Исто така ние имаме ветување во Јован 16:13 дека “Светиот Дух ќе дојде и ќе нè упати во сета вистина.“ Бидејќи Светиот Дух е твој учител, тогаш еден од најважните чекори за да го пронајдеш Божјиот начин на кој ќе ги исполнуваш твоите потреби, е да се молиш и да го слушаш Бог.

Откриј што вели Библијата за искушенијата и за потребите кои ги имаш во твојот живот. Еве некои прашања кои можеш да си ги поставуваш додека проучуваш што вели Библијата за некое одредено искушение.

Што вели Бог? Која е причината за ова искушение?

Јаков 1:14-15
1 Јованово 2:15-17

Што вели Бог? Кои се последиците доколку му се предадам на ова искушение?

| | |
|---|---|
| Јаков 1:15 | Пословици 5:7-14 |
| Римјаните 6:23 | Пословици 6:25-31 |
| 1 Јованово 2:17 | |

Како можам да го надминам ова искушение?

На кои од Божјите ветувања можам да се повикам?

Како Бог сака јас да ја исполнам оваа потреба која ја имам?

Како можам да извлечам корист од ова искушение за да се приближам поблиску до Бог ?

Честопати, ќе ти биде од помош, доколку за твојот проблем разговараш со други христијани, бидејќи повеќето од христијаните се соочуваат со слични искушенија. Како тие научиле да го надминат ова искушение? Кои стихови им помогнале најмногу?

Кога во Библијата ќе најдеш стихови кои ти се од помош, запиши ги и научи ги напамет. Цитирај си ги тие стихови себеси во текот на денот, особено тогаш кога се соочуваш со искушението.

## 4. Заветувај се дека твоите потреби посветено ќе ги исполнуваш на Божји начин

Сатаната нема да престане да те искушува само затоа што ти си го научил Божјиот начин за исполнување на твоите потреби. Тој ќе продолжи да те искушува тоа да го правиш на неговиот начин – на лесниот начин. Ако сакаш успешно да се спротивставуваш на искушенијата од сатаната, тогаш ќе треба цврсто да стоиш на твојот завет дека секој ден посветено ќе се приближуваш поблиску до Бог.
Ако донесеш одлука дека секогаш ќе го следиш Божјиот начин, тогаш ти нема да треба да размислуваш за секое искушение поединечно: "На која страна да тргнам – на Божјиот начин или на лесниот начин (на начинот на сатаната)?"

Понекогаш сатаната ќе те искушува на тој начин што ќе те поттикнува да си исполниш потреба која е помалку важна од другите потреби кои ги имаш. Кога Исус беше во пустината во пост и молитва, тој огладне, откако помина 40 дена таму. Дојде ѓаволот и Го искушуваше да ги претвори камењата во леб. Исус беше гладен; на Неговото тело му требаше храна. Ова беше реална потреба. Но Исус одби да го прифати советот на сатаната, бидејќи знаеше дека Бог сака Тој прво да ги исполни другите потреби. (Види Матеј 4)

Кратко време после тоа Исус ја проповедаше проповедта во Матеј 5-7, која често се нарекува проповедта на гората. Во еден момент Тој зборуваше за Божјите приоритети кои треба да ги имаме кога сакаме да исполниме некоја наша потреба.

> **Матеј 6:31-33**
>
> **31"И така не грижете се велејќи: ´Што ќе јадеме?´ или: ´Што ќе пиеме?´ или:´Што ќе облечеме?´ 32Зошто сето тоа го бараат народите, зошто вашиот небесен Татко знае дека ви е потребно сето тоа.33Но, барајте го првин царството Божјо и Неговата правда, и сето тоа ќе ви се додаде."**

Со сигурност треба да знаеме дека Божјата **волја** е сите наши потреби да бидат исполнети. Но можно е да не е дојдено Неговото **време** за исполнување на таа потреба. Кога беше во пустината, Исус знаеше дека не беше Божјото време за тој да се најаде, иако беше гладен. Ѓаволот може да се обиде да те натера целото свое време да го трошиш на исполнување на потребите од кои корист имаш само ти. Така, никогаш нема да имаш ниту време ниту пари за да помогнеш да се исполнат потребите на тие околу тебе.

Божјите ветувања се јасни – Тој ќе се погрижи за сите твои потреби. Но, понекогаш е тешко да се препознае што е потреба а што е желба. Ѓаволот ќе стори сè за да те убеди дека имаш потреба од нешто, а всушност тој се повикува на некоја желба

која ја имаш. Ајде подетално да разгледаме каква улога имаат нашите желби во процесот на подготовка за искушенијата.

## B. Допушти му на Бог да одреди кои желби се соодветни

Ѓаволот оддамна станал мајстор на уметноста наречена, играње со човечките желби, искушувајќи ги луѓето да си ги задоволуваат своите желби. Неговата прва жртва беше Ева во Еденската градина. Тој ја убеди, дека таа ќе стане како Бог ако јаде од плодот на тоа едно дрво за кое што Бог ѝ кажа да не јаде од него. Ева немаше потреба да стане како Бог. Но таа одлучи дека тоа би било убаво – таа сакаше да види како тоа би изгледало. И Адам наскоро ѝ се придружи, па и тој јадеше од плодот.

Кога ќе ги исполниме нашите желби на начинот на сатаната, последиците се секогаш болни. Тоа секогаш нѐ оддалечува од Бог, а задоволството кое го добиваме од исполнувањето на таа потреба вообичаено е со краток век. Дали сите наши желби се погрешни? Дали новите христијани треба да имаат потполно други желби од порано? Дали Бог сака да ги исполнува нашите желби? Каква улога имаат нашите желби во процесот на подготовка за искушенијата?

### 1. Откриј што Му се допаѓа на Бог

Бог сака ти да бидеш среќен. Тој сака ти да уживаш во животот. Тој сака твојот живот да биде исполнет и богат. Ако си одлучил да Го следиш Христос, тогаш треба кај себе да ги развиваш истите желби кои ги има и Тој. Откриј што Му се допаѓа на Бог, и научи како и на тебе да ти се допаѓаат истите работи.

**1 Петрова 4:2**

**..Та останатото време на животот, на телото, да не го поминете според човечките страсти, туку според Божјата волја.**

**Псалм 1:1-2**

**1 Блажен е човекот кој не оди по советот на нечесните, и не стои на патот на грешниците, и не седи во седиштето на потсмевачите;**

**2 Туку волјата му е во ГОСПОДОВИОТ закон и на Неговиот закон размислува дење и ноќе.**

Вториот стих од овој Псалм го опишува животниот стил на христијанинот чии што желби се како Божјите желби. Тие се радуваат кога му се послушни на Бог.
Како новиот христијанин може да знае што Бог бара од него да направи? Следниот дел од овој стих објаснува како: тие секогаш размислуваат за Божјиот закон и за тоа на кој начин да го следат Бог подобро. Додека поминуваш време читајќи го Божјиот збор, ќе дознаваш што сака Бог ти да направиш. Ќе научиш да размислуваш како што размислува Бог.

**Псалм 37:4-5**

**4 Сета твоја радост нека биде во ГОСПОДА: Тој ќе ги исполни желбите на твоето срце! 5 Предај му ги на ГОСПОДА своите патишта, надевај се на Него, и Тој ќе води сѐ.**

Ако својата среќа ја бараш во Бог, тогаш Тој ќе ти ги даде работите кои ги посакуваш. Но, ако среќата си ја бараш во работите што ти ги нуди светот, тогаш Бог нема да ти ги исполнува таквите желби.

## 2. Ослободи се од старите, грешни желби

Веројатно пред да станеш христијанин, ти не се обидуваше да откриеш кои се Божјите начини на кои можеш да ги задоволиш твоите желби. Следејќи ги патиштата на сатаната, можеби си бил фатен во стапицата на тие желби. Нпр., тинејџерот кој ќе одлучи да експериментира со droги, подоцна може да стане зависен од нив. Исто така многу тинејџери кои почнуваат да пушат, бидејќи сакаат да бидат прифатени од друштвото, подоцна одеднаш сфаќаат дека имаат навика од која многу тешко ќе се ослободат.

Можеби во минатото си научил да уживаш во одредени активности за кои сега знаеш дека се грев. Бог јасно ни кажува да ги тргнеме на страна старите желби од нашите животи.

**Ефесјаните 4:21-24 New Living Translation (Слободен превод од преведувачот)**

**21Бидејќи слушнавте сѐ за Него и ја дознавте вистината која е во Исус, 22 отфрлете ја од себе вашата стара зла природа и вашиот стар начин на живот, кој беше целосно гнил, полн со похота и измама. 23Наместо тоа кај вас треба да се случи духовна обнова на вашите мисли и ставови. 24Треба да се однесувате во согласност со вашата нова природа, бидејќи сте нова личност создадена според Божјиот лик – праведна, света и вистинита.**

**Колосјаните 3:5**

**И така, умртвете ги своите членови што се на земјата: блудството, нечистотата, страста, лошата желба и лакомството, што е идолопоклонство.**

И во двете од горе наведените посланија се наоѓа листа на грешни желби и навики кои треба да ги исфрлиме од нашите животи. Види Ефесјаните 4:17-32 и Колосјаните 3:5-15.

Ќе треба време, за некои стари желби да умрат. Честопати новите христијани мора вистински да се борат со нив, за да ги надминат. Еден христијанин коментира, “Се прашувам дали сум христијанин. Нависитна сакам да му служам на Бог. Зошто овие стари желби ми се сѐ уште толку привлечни? Му кажав на Бог дека сакам да се откажам од мојот стар начин на живот. Зошто Бог едноставно не ги тргне од мене тие стари желби?“

Една од клучните работи за надминување на старите желби е тие да се заменат со нови. На некои нови христијани им е многу тешко поради некои стари желби, бидејќи тие едноставно се обидуваат да се ослободат од старата желба без притоа свесно да ја заменат таа стара желба со нова која ќе му биде угодна на Бог. Ако се обидуваш на овој начин да се ослободиш од старите желби, создаваш вакуум, внатре во себе. Тоа те прави лесна цел за искушенијата на сатаната.

Сепак, ти можеш да направиш план за тоа што ќе сториш кога сатаната ќе се обиде да те натера да си исполниш некоја од твоите стари желби. Секое искушение од оваа област може да ти служи како "аларм" кој ќе те потсети дека треба да работиш на развивање на нови желби кои Му се угодни на Бог. Ова ќе делува спротивно на она што го прави сатаната. Кога тој ќе види дека со неговите искушенија само ти помага да станеш подобар христијанин, веројатно тој ќе се откаже и нема да те искушува со тоа искушение.

Клучната работа која е потребна за ова да функционира е да направиш план и да одредиш која нова желба ќе ја замени старата. Најди Библиски стихови кои се однесуваат на тоа и научи ги напамет. Цитирај си ги тие стихови во текот на денот, без оглед дали сатаната те искушува во таа област или не.

Ти можеш да ги промениш твоите желби. Тоа веројатно нема да биде лесно. Но, донесувањето цврста одлука дека посветено ќе го следиш Христос е првиот чекор за да успееш во оваа област.

## 3. Користи ги Библиските вредности за да процениш какви се твоите желби

Што ти е навистина важно во животот? Кои работи високо ги цениш? Во што веруваш? Овие работи заедно ги одредуваат твоите вредности. Ние сите имаме вредности. Некои од нив може да се Библиски, а други може да се културолошки или себични. Новите христијани треба да одвојат време за да ги проценат своите вредности. Ова е особено битно ако сакаш да се стекнеш со солиден христијански начин на живот.

Преку нашите вредности може да процениме какви се нашите желби. Некои луѓе ставаат висока вредност на храната. Тие попрво би јаделе отколку да прават нешто друго. Кога ќе седнат да јадат, нивната желба ја контролира нивната навика за јадење. Личноста која става помала вредност на храната, а поголема вредност на други работи, полесно ќе има контрола врз своите навики за исхраната.

Еднаш Исус патуваше преку Самарија со Своите ученици. Тие застанаа надвор од градот и сите 12 ученици отидоа да купат храна. Беше пладне и една жена од градот дојде да наполни вода. Исус започна разговор со неа кој набргу се претвори во дискусија за нејзината духовна состојба. Кога учениците се вратија, тие сакаа да го натераат Исус да јаде од храната, но тој одговори, "Јас имам храна за јадење, што вие не ја знаете... Исус им рече? "Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној Кој Ме прати, и да го завршам Неговото дело""(Јован 4:32,34)

Исус беше способен да го оттргне Своето внимание од Своите лични потреби и желби, кога Тој целосно се вклучуваше во помагањето на другите. Ако ти е тешко да надминеш некоја стара желба, тогаш размисли колку време поминуваш помагајќи им

на другите. Ако можеш да се стекнеш со помалку себични перспективи за твоите потреби и желби, тогаш можеби ќе ти стане полесно да поминуваш преку некои работи кои порано цврсто те држеле во своите канџи.

Запрашај се себеси, "Дали од Божја гледна точка е важно јас да ја задоволам оваа моја потреба денес?" Кога ќе почнеме на работите да гледаме од Божја гледна точка, ќе ни стане полесно да знаеме кои желби треба да ги исполниме, а кои да ги отфрлиме.

Без оглед колку време се подготвуваш за искушенијата, сатаната ќе продолжи да те искушува да направиш грев. Но, колку подобро си подготвен, толку поуспешно ќе ги надминуваш истите.

# Г. Некои искушенија можат да се спречат

Она на што размислуваш и она на што го трошиш своето време има големо влијание врз искушенијата со кои се соочуваш. Дали сакаш да живееш во слобода? Вистинската слобода не значи дека имаш слобода да правиш што сакаш. Вистинската слобода е да имаш сила да одлучиш да постапуваш правилно. Таа сила доаѓа одвнатре од тебе и, ако ја немаш, Бог е подготвен да ти даде толку сила колку што ти треба.

Еве неколку работи кои можеш да ги направиш, а кои би можеле да го сопрат сатаната дури и да се обиде да те искушува да направиш грев во одредена област.

## 1. Избегнувај ги работите за кои знаеш дека се грев

Прва Солуњаните 5:22 вели, "Воздржувајте се од секоја појава на зло!" (Со други зборови: Стој на страна од сè што дури и личи на грев.) Ова можеби е најдобриот начин да се спречат многу од искушенијата. Не мора да му докажуваш на сатаната дека можеш да бидеш блиску до грешни работи, а сепак тие да не влијаат на тебе. Ако си имал проблем со искушението – похота, тогаш немој да одиш таму каде што ќе бидеш изложен на содржини со порнографија. Ако си имал проблем со дрога, тогаш, стој подалеку од луѓето кои имаат дрога.

> **2 Тимотеј 2:22 New Living Translation (Слободен превод од преведувачот)**
>
> **Бегај од она што ги поттикнува младинските похоти. Следи го она што те води да постапиш правилно. Стреми се кон правда, вера, љубов и мир, и дружи се со оние кои го повикуваат Господа од чисто срце.**

Многу од искушенијата можат да се спречат едноставно со тоа што ќе стоиш настрана од проблемот. Но, не можеш тоа да го направиш со секое искушение. Ако имаш преголема тежина и си искушуван да јадеш премногу, решението не е да стоиш настрана од храната до крајот на твојот живот, инаку би живеел многу кратко. Има искушенија кои не можат да се избегнат. Мора да научиш да им се спротивставуваш на тие искушенија секогаш кога ќе дојдат.

## 2. Дисциплинирај го твојот мисловен живот

Во Пословици 23:7 се вели дека личноста е тоа што тој или таа мисли за себе. Ако го исполнуваш својот ум со мисли за грешни активности, тогаш сатаната лесно ќе ги сврти тие мисли во искушенија кои те наведуваат да направиш грев. Ако одиш на интернет или гледаш ТВ, каде се претставени непристојни содржини и со тоа го исполнуваш својот ум, тоа ќе има влијание на начинот на кој ти живееш.

Текстот во Колосјаните 3:1-2 нè упатува како нашите мисли да ги насочуваме кон оние работи кои се однесуваат на Бог и како да живееме за Него, наместо да размислуваме за грешните патишта на светот. Секогаш кога твојот ум те враќа назад, на твојот поранешен живот во грев, застани, и натерај се себеси да размислуваш на други работи. Во Филипјаните 4:8 е дадена цела листа на работи за кои еден христијанин треба да размислува.

## 3. Кога Бог ти зборува, веднаш послушај Го

Кога Светиот Дух ти зборува преку твојата совест, или на друг начин, треба веднаш да го послушаш. Ако се мислиш дали да послушаш, ќе му дадеш можност на ѓаволот да те искушува и да ти ја каже неговата страна на приказната. Ако веднаш Го послушаш Бог, ѓаволот нема да има можност да те збунува. Кога Светиот Дух ти зборува, Тој секогаш очекува одговор од тебе.

## 4. Поминувај време со христијани

Вообичаено, луѓето со кои го поминуваш твоето време влијаат врз тебе. Ако твоето време го поминуваш со други христијани, ќе видиш дека ќе имаш помалку искушенија на твојот пат отколку ако целото свое време го поминуваш со нехристијани. Можеш да спречиш многу искушенија само со тоа што ќе престанеш да се дружиш со оние кои се обидуваат да те вклучат во своите грешни активности.

Треба да се вклучиш во локална црква и редовно да учествуваш во нивните активности. Дружењето со христијани е одличен начин да Му се приближиш на Бог. Но, дружењето со христијани не секогаш го спречува ѓаволот од тоа да те искушува. Дури и кога си во црква, немој да бидеш изненаден ако тој стави искушение во твојот ум.

## 5. Биди постојан во спротивставувањето на искушенијата

Сатаната знае дека кај многу луѓе, тој нема да успее да ги искуша во првиот или вториот обид. Но, тој знае дека ако доаѓа одново и одново, на крај тие ќе попуштат. Еден од начините да се спречат искушенијата е да се биде постојан во спротивставувањето кон нив. Ако од твојот начин на живот се гледа дека секогаш успеваш да одолееш на одредено искушение, тогаш веројатно сатаната ќе се откаже да те искушува во таа област на одредено време.

## 6. Направи сè што е потребно, за Бог да биде водач на твојот живот

На многу христијани им е лесно да се молат во црква и да му кажуваат на Бог дека сакаат Тој да биде главен во нивните животи. Но во текот на неделата, понекогаш е лесно да се заборави на таа молитва и да се преземат работите во свои раце.
Во Галатјаните 5:16 ни се дадени некои јасни совети како да ги спречиме некои од искушенијата.

**Галатјаните 5:16**

**А велам: одете во Духот и нема да ги исполнувате страстите на телото.**

Секој христијанин ќе продолжи да се соочува со искушенија, но со Божја помош, ние можеме успешно да ги надминуваме истите. Бог ни ветува дека ќе ни даде сила и мудрост. Треба да се однесуваме според Неговите ветувања и да се приближуваме кон Него.

# Д. Бидете свесни за стратегиите на сатаната

Исус се соочи со најголемите искушенија во Својот живот кога почнуваше со Својата јавна служба. Кога постеше 40 дена, сатаната Го искушуваше неколку пати. Прочитај во Лука 4:1-14, каде се зборува за овие искушенија.

Обрни внимание на тоа како сатаната го искушувал Исус. Тој дури Му цитирал и стихови од Библијата. На ист начин и ти можеш да се соочиш со слични искушенија, кога ти се чини дека она што го сакаш да го направиш е Библиски правилно.

**2 Коринтјаните 11:14**

**И не е чудно, зашто самиот сатана се преправа во ангел на светлината.**

Треба внимателно да ги проценуваме мислите кои ни доаѓаат во нашата глава, за да видиме дали тие се навистина Божја вистина или се искушение кое нè наведува да направиме грев, но се завиткани како подарок со духовен изглед.

Од начинот на кој беше искушуван Исус, можеме да откриеме уште една стратегија на ѓаволот. Сатаната може да престане да те искушува во одредена област од твојот живот. Ова може да ти изгледа дека ти повеќе не мора да си внимателен во таа област од твојот живот.

**Лука 4:13**

**И откако го заврши секое искушение, ѓаволот отстапи од Него за некое време.**

Треба да сфатиш дека ѓаволот го оставил за "некое време", но тој чекал друга прилика. Тоа важи и за тебе. За неколку недели или месеци од сега може повторно да се соочиш со големо искушение во истата таа област. Можеби ти ќе се прашуваш, "Дали ова значи дека се враќам на старото? Што правам погрешно за повторно да ги имам истите искушенија? Можеби мене не ми успева да живеам како што Исус сака?!"

Треба да бидеш свесен дека е нормално да бидеш искушуван во дадена област во која не си бил искушуван порано или во која не си бил искушуван долго време. Едноставно, сатаната ќе те начека кога си опуштен или кога поминуваш низ стресен период.

Не треба да живееш во страв од искушенија, но не биди изненаден кога тие ќе дојдат. Кога ќе се најдеш сред поплава од искушенија кои те удираат од сите страни – време е да ги употребиш сите алатки кои си ги научил за да им се спротивставиш.

Друг стих кој зборува на оваа тема е 1 Коринтјаните 10:13, каде се вели дека Бог нема да те искушува повеќе од што можеш да издржиш – Тој ќе ти помогне.
Друга причина зошто можеби доаѓаат нови искушенија или старите се враќаат, е бидејќи Бог вели – сега можеш да се справиш со овие искушенија – со Негова помош.

# Глава 4
# Разбери го неуспехот и справи се со него на Божји начин

Не е Божја волја да грешиш. Тој ти дал сила да се спротивставиш и да го надминеш секое искушение со кое се соочуваш.  Сепак, можеби нема секогаш да го одбереш Божјиот начин за справување со искушението и ќе попуштиш. Тоа е реалноста. Но Бог е милостив и Тој ќе ти прости ако Му ги исповедаш своите неуспеси.

Сатаната е најголемиот изманик на светот. Понекогаш, тој искушението го прави толку привлечно, што е тешко да се одолее. Сепак, ако одржуваш бистар ум и ако си свесен за последиците од гревот, ќе можеш да се додржиш на нозе.

## А. Што се случува кога ќе му се предадеш на искушението?

Седни и потсети се на времето кога си се предал на некое од искушенијата на сатаната. Што се случи потоа? Дали очекуваше последиците да бидат такви? Сега ќе разгледаме некои работи кои се случуваат кога ќе му се предадеш на искушението. Не значи дека сите овие последици ќе се случат после секое искушение и секогаш кога нема да реагираш на Божјиот начин, но, ќе ти биде од помош да знаеш кои се можните последици кога си искушуван да направиш грев. Тоа може да те поттикне да постапиш по Божјиот начин кога треба да ги исполниш твоите потреби и желби.

### 1. Правиш грев

Секогаш кога ќе му се предадеш на некое од искушенијата на сатаната, ти прекршуваш некој од Божјите закони. Јаков ја опишува последицата која се случува доколку ја послушаш првата мисла.

**Јаков 1:14-16**

**14туку, секого го искушува неговата сопствена похот (зла желба), која го влече и го мами. 15Потоа, похотта (злата желба) зачнува и раѓа грев, а направениот грев раѓа смрт. 16Не заблудувајте се, возљубени браќа мои.**

Сатаната ќе се обиде да те натера да заборавиш дека кога ги следиш неговите патишта, ти правиш грев. Но, како што е наведено во 16ти стих, не заблудувај се т.е. не дозволувај сатаната да те измами.

Доколку сепак направиш грев, тогаш признај го твојот грев пред Бог и барај прошка од Него.

## 2. Се повредуваш себеси, а ги повредуваш и другите

Сатаната ќе се обиде да те убеди дека работите ќе одат на добро единствено доколку му се предадеш на неговото искушение. Не му верувај. Гревот секогаш има цена: "Зашто смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е – вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ." (Римјаните 6:23)

Грешењето влијае на тебе, но исто така ги засега и другите, понекогаш и повеќе отколку што можеш да замислиш. Можеби не можеш тоа да го согледаш веднаш, но со време, штетата ќе излезе на виделина.

Во Стариот Завет, Давидовиот грев со Витсавеа имаше поразителни последици. Најпрво, тој направи прељуба, а потоа го уби мажот на Витсавеа, за да го покрие својот грев. Подоцна, кога неговиот грев беше откриен, Бог го казни така што умре бебето кое се роди како резултат на тој грев. Божјата казна влијаееше и на идните наследници на Давид. Види 2 Самоил 12:10 – 12. Се разбира, Давид не ни помислувал на сите овие последици полни со болка, кога бил искушуван да направи грев со Витсавеа.

## 3. Привремено ќе ја исполниш твојата потреба, но, никогаш трајно

Брзото решение кое ти го нуди сатаната, никогаш не е трајно решение на твоите потреби. Единствен начин да се најде вистинско задоволство во животот, е потребите да се исполнуваат на Божји начин. Ѓаволот секогаш ќе се обидува да те натера да размислуваш само на моменталната корист која ќе ја имаш доколку постапиш на неговиот начин. Тој не сака ти да земеш предвид колку време ќе функционира неговото решение.

## 4. Кога се следи патот на сатаната, желбата или потребата се зголемува

Откако си го вкусил задоволството од моменталното, себично уживање, можно е, желбата за тоа уживање да продолжи да станува сè поголема. Среќата што ја чувствуваш ќе трае кратко. Штом тоа моментално задоволство ќе помине, потребата или желбата сè уште ќе постои, но сега, со уште поголем интензитет.

## 5. Кога еднаш ќе попуштиш, твојата фрустрација ќе се зголеми

Имаш потреба; сакаш таа да биде исполнета. Се чини дека Бог не прави ништо. Ти се фрустрираш. Сатаната те искушува, а ти се предаваш на фрустрацијата и се обидуваш да ја исполниш потребата на негов начин. Но набргу, потребата се враќа, па така и фрустрацијата! Бидејќи твојата потреба сè уште не е соодветно исполнета, фрустрацијата продолжува да расте.

## 6. Кога еднаш ќе попуштиш, ќе биде полесно да попуштиш и следниот пат

“Првиот пат е најтешко. Следниот пат ќе уживаш повеќе.“ Ако ѓаволот го користи овој аргумент кај тебе, тоа е сигурен знак дека тој планира повторно да те искушува во таа област.

Ако му успее и вториот и третиот пат, тој ќе се обиде да те убеди да заборавиш дека си христијанин. “Види, за тебе е премногу тешко да бидеш христијанин. Погледни се себеси; ова е трет пат оваа недела како го правиш овој грев.“ Тој ќе направи сè што може за да те натера да изгубиш надеж. Кога немаш надеж, ќе биде многу полесно да попуштиш, а можеби и ќе престанеш да се спротивставуваш на искушенијата кога ќе доаѓаат повторно.

## 7. Кога ќе попуштиш на едно искушение, ќе влезеш во поголеми искушенија

Многу пати ѓаволот го користи овој аргумент: “Ова не е ништо, само направи го. Никој нема да настрада.“ Ако се извлечеш со нешто мало, тој набргу ќе се врати со поголемо искушение. Исто така, сатаната има и совршен план за да ти помогне да го покриеш секој грев кој го правиш. Но, вообичаено, покривањето на едне грев значи дека треба да направиш друг грев, со уште полоши последици.

Трагичната приказна за гревот на Давид и Витсавеа е јасен пример за ова (2 Самоил 11 и 12). Првото искушение што го имаше Давид беше похотта во неговиот ум. Потоа тој ја повика Витсавеа во неговата палата. Тој направи прељуба и таа остана бремена. Кога Давид дозна за тоа, тој се обиде да го покрие својот грев со тоа што го повика мажот на Витсавеа да се врати дома од војната.

Кога тој план не му успеа, Давид се погрижи Урија да биде убиен. Овој дел од планот одел добро – сè додека не дошол пророкот Натан, кој целата работа ја извел на виделина. Еден грев водел до друг, сè додека Давид не бил врзан; немал каде да бега.

Кога ќе му попуштиш на искушението, ти покажуваш колкава моќ има гревот врз тебе. Но гревот со себе носи и заблуда – и ние најчесто не успеваме да видиме дека овој грев има моќ врз нас.

Заблудата ни дава впечаток дека ако попуштиме пред искушението, тоа нема да нанесе никаква штета. Таквата заблуда прави полесно да му попуштиме и на следното искушение.

Ако сакаме да се ослободиме од моќта на гревот во нашиот живот, тогаш мора да почнеме со Божјата вистина и на секое искушение да гледаме од Божја гледна точка. Бог го мрази гревот – и ние треба да правиме така.

## 8. Твојот неуспех може да ги поттикне другите полесно да попуштаат на истото искушение

Коста е христијанин веќе три недели. Навистина му е тешко да се откаже од пушењето. Во програмата на Предизвик за млади, малку му е полесно да се справува со тоа бидејќи постои правило со кое пушењето е забрането. Но, синоќа, Коста за малку ќе попуштеше на искушението да запали цигара. Некој друг од центарот зел цигара и пушел во подрумот. Познатиот мирис на цигара му причинил на Коста поголема тешкотија за да се справи со искушението на сатаната

Другиот, што ја запалил цигарата, немал намера да му наштети на Коста. Тој не го поканил да пушат заедно. Тој си мислел дека ако се прикраде во подрумот, и испуши цигара насамо, тоа нема да влијае на никој друг.

Кога ќе му попуштиш на искушението, твојот грев ќе влијае и на другите. Ние сите имаме одговорност да живееме чист живот. Исус многу строго им се обраќал на оние кои со зборови или дела ги искушувале другите да направат грев.

**Лука 17:1-3**

**1И (Исус) им рече на своите ученици, “Не е можно да не дојдат соблазни (искушенија), но горко (тешко) на оној преку кого доаѓаат!“ 2Подобро би било за него да му биде обесен мелнички камен на вратот и да го фрлат во морето, отколку да соблазни еден од маливе. 3Внимавајте на себе!“**

Првата личност која попушти на искушението и направи грев, Ева, во Еденската градина, падна во стапица. Веднаш штом го направи гревот, таа отиде, го најде Адам и го натера да ѝ се придружи, па заедно јадеа од плодот. Кога другите ќе те видат дека правиш грев, тие полесно рационализираат и си велат дека е ВО РЕД и тие да го направат истото.

## 9. Попуштањето води до рационализирање, што е правилно а што е погрешно

Кога ќе попуштиш на искушението да направиш грев, ѓаволот е подготвен за веднаш да ти помогне да ги рационализираш твоите постапки. Тој ќе ти даде многу изговори и објаснувања кои ќе ги оправдаат твоите постапки. Ќе ти покаже зошто во оваа ситуација е ВО РЕД да ги прескокнеш Божјите правила. Сатаната ќе ја изврти вистината и ќе се обиде да те натера да ја прифатиш идејата дека она што си го сторил, всушност не е грев.

Кога ќе попуштиш на искушението и ќе направиш грев, Светиот Дух ќе те опресведочува – Тој ќе ти зборува во твоето срце и на твојата совест. Ова често ќе вклучи и чувство на вина. Но, ако не го послушаш она што Бог ти го зборува во твоето срце, може да западнеш во голема неволја. Може да се лажеш самиот себе и да поверуваш дека е ВО РЕД да учевствуваш во таа активност, која е грев.

Ако продолжиш да го игнорираш Бог кога Тој ти зборува во твоето срце, тогаш можеш “да го отврднеш твоето срце“. Кога рационализираш за твојот грев, почнуваш да веруваш во сопствените заблуди, и повеќе не слушаш кога Бог ти зборува во твоето срце.

Царот Давид, во Стариот Завет, тргнал по овој погрешен пат кога направил грев со Витсавеа. Види 2 Самоил 11 и 12. Првиот грев на Давид водел до тоа тој да го нарача убиството на мажот на Витсавеа. По 9 месеци Натан, Божјиот пророк, го соочил со неговиот грев. Конечно, Давид се покаја. Псалмот 51 е неговата молитва на покајание.

## 10. Можеби чувствуваш вина

Кога правиме грев, Бог нè опресведочува. Но, понекогаш ние не Го слушаме, бидејќи, наместо да го слушаме Него, ние си постапуваме по наше. Ако му се предадеш на искушението, Светиот Дух ќе те освести за твојот грев. Најчесто оваа вина доаѓа веднаш откако си ја исполнил својата потреба на начинот на сатаната. Чувствуваш олеснување од тензијата и фрустрацијата кои биле генерирани од твојата потреба. Сега кога твојот ум е опуштен, ти си способен да ја процениш ситуацијата и да сфатиш што всушност се случи. Доколку си чувствителен, Бог ќе ти разјасни, преку вината, дека ти не беше во право.

Но, немој да паднеш во стапица и секогаш да ги користиш твоите чувства како доказ дали нештата се правилни или погрешни. Некој може да каже, “Ако не се чувствувам виновен кога го правам ова, тогаш е во ред – ќе го направам тоа.“ Можеби тој тоа го прави толку често, што веќе неговата совест отапила. Но, Библијата јасно ни кажува кои се Божјите закони. Како ти се чувствуваш во врска со Неговите закони, не влијае на тоа дали тие се правилни или погрешни. Ако Бог вели дека нешто е грев, тогаш ние треба да се согласиме со Него, без разлика какви емоции имаме во врска со тоа.

Кога ќе попуштиш на некое од искушенијата на ѓаволот, важно е да го исповедаш твојот грев, без оглед дали чувствуваш вина или не. Како ќе стануваш почувствителен на Бог, така на гревот ќе почнеш да гледаш на ист начин како што гледа Бог.

## 11. Бог ќе дојде да те побара

Ако направиш грев, Бог нема да ти го заврти грбот. Тој те љуби, и сака да ти помогне да имаш вистински исполнет живот. Тој сака да ти помогне да се вратиш на правилниот начин на живот. Бидејќи Бог те љуби толку многу, Тој ти простува, .

Во Еденската градина, откако Адам и Ева направиле грев, Бог дошол да ги бара. Тој не чекал на нив да Го побараат Него. Тој го прави истото и за нас.

Треба да внимаваме да не ја злоупотребиме Божјата љубов. Ако навистина Го љубиме, тогаш ќе Му бидеме послушни. Немој да паднеш во стапицата да правиш грев, а потоа да си кажуваш, “Па, ВО РЕД е; Бог секогаш ми простува кога се молам. “ Секогаш кога правиш грев, тргнуваш по патот кој те оддалечува од Бог. Ако имаш ваков став, потешко ќе можеш да го слушнеш Божјиот предупредувачки глас. Така, ќе ти стане многу полесно да ги слушаш искушенијата на Сатаната.

### 12. Твојот став кон Бог може да се промени

Некои луѓе, откако ќе направат грев, почнуваат да се плашат од Бог. Тие очекуваат Тој да се налути и да ги казни. Затоа, тие се обидуваат да се скријат од Бог. Ако си постапил така, знаеш дека тоа не функционира. Не можеме да се скриеме од Бог.

Ако навистина се каеш за твојот грев, не треба да се плашиш од Бог. Тој не е некој гневен Бог кој чека шанса за да те уништи. Тој те љуби и се натажува кога ти правиш грев.

## Б. Зошто луѓето попуштаат и му се предаваат на искушението?

Секогаш кога ќе попуштиш и ќе му се предадеш на искушението, не можеш да обвинуваш никого друг, освен себе, за направениот грев. Тоа не е грешка ниту на Бог, ниту на сатаната. Секој од нас е одговорен за одлуките кои ги донесува. Но, ајде да видиме кои се некои од причините поради кои попушташ пред искушенијата.

### 1. Не си се подготвил за искушението

Во 1 Коринтјаните 10:13, Бог ветил дека, секогаш кога сме искушувани, Тој ќе ни даде излез за бегство. Ако си се подготвил преку молитва, проучување на Библијата и преку тоа што си се приближил поблиску до Бог, тогаш ќе можеш да им одолееш на искушенијата.

Некои христијани се премногу слаби за да одолеат на искушението. Тоа не е грешка на Бог. Тој ти ја става на располагање сета сила која ти е потребна. Но, ако ти си го запоставил твојот однос со Бог и си станал духовно слаб, тогаш, многу полесно ќе ти биде да направиш грев.

Исус бил подготвен за секое искушение кое сатаната го поставил пред Него. Тој знаел како да процени и да одреди кои потреби или желби сатаната се обидува да Му ги наметне и да Го натера да ги исполни. И ти можеш да бидеш успешен, доколку се подготвиш за искушенијата.

### 2. Се обидуваш да живееш христијански живот со свои сили

Ако се обидуваш да живееш христијански живот без Божја помош, тогаш со сигурност, набрзо ќе се најдеш во неволја. Невозможно е, со своја сила, да се спротивставиш на сите искушенија на ѓаволот.

Некои луѓе не се сигурни дали сакаат да се христијани. Тие сè уште се обидуваат да чекорат по оградата и да го земаат најдоброто од двете страни. Проблемот е во ова – не можеш, во исто време, да чекориш по оградата и да се приближуваш поблиску до Бог. Ако христијанскиот живот не го сфатиш сериозно, ќе станеш лесна жртва на искушенијата на сатаната.

Единствен начин за успешно да ги надминуваш секојдневните искушенија е цврсто да стоиш на одлуката дека целосно си посветен на следењето на Христос. Сè што е помалку од тоа, ќе те воведе во неволја.

## 3. Се откажуваш! Престануваш да се обидуваш да постапиш по Божјиот начин

Бог, секој еден од нас, го создал со потреби и желби. Тој ветил дека ќе нè снабди со сè што треба за да ги подмириме сите наши потреби и желби. Но понекогаш не е лесно да се открие кој е Божјиот начин на кој треба да се исполни некоја потреба или желба. Можеби, од искуство знаеш, дека не си многу успешен во исполнувањето на потребите на Божји начин. Па, во тебе се подига фрустрација бидејќи потребата е сè уште присутна. Ѓаволот ти доаѓа и ти вели, “Еве како најлесно ќе ја задоволиш таа твоја потреба. Глупав си ако сакаш тоа да го направиш на Божјиот начин. И онака, тоа на тебе нема да ти успее.“

Ѓаволот се обидува да те натера да размислуваш себично. “Ти заслужуваш да се смириш и веднаш да го добиеш тоа што ти треба.“ Ако се откажеш од Божјиот начин на исполнување на твојата потреба, ти кажуваш, “Се сакам себе повеќе отколку што Го сакам Бог“ Бог во Јован 14:15 вели, “Ако Ме љубите, ќе ги пазите Моите заповеди.“ Ако попуштиш, и се предадеш на искушението, тогаш твоите потреби и желби ги ставаш над Божјите закони.

## 4. Ти си измамен од сатаната

Ѓаволот е вешт мајстор во кажувањето лаги. Сите од неговите искушенија содржат некаква измама. Тој ја измами Ева да верува дека ако јаде од плодот на тоа едно дрво, таа нема да умре, туку ќе стане како Бог. Вистина е дека таа не умре физички веднаш штом го изеде плодот. Но, во моментот на искушението, таа не сфати дека кога не Го послуша Бог, таа умре духовно,.

Многу луѓе долго време се фатени во стапицата на сатаната поради неговите измами. Во многу случаи, сите луѓе со кои се тие опкружени, го имаат прифатено како вистина она што Библијата го карактеризира како измама, т.е. лага. За многу нови христијани е навистина тешко да прифатат дека она што го вели Библијата е вистина, затоа што тоа оди против сè она што тие дотогаш го имаат лично искусено во животот. На христијаниските учители им е дадено упатство, како да постапат за да му помогнат на оној кој е фатен во стапицата на сатаната.

**2 Тимотеј 2:24-26 (Слободен Превод)**

**[24]Господовите слуги не треба да се расправаат, туку треба да се љубезни со сите. Треба да се способни ефективно да поучуваат и да бидат трпеливи со тешките луѓе. [25]Тие треба со нежност да ги поучуваат оние кои се противат на вистината. Можеби Бог ќе го промени срцето на тие луѓе и тие ќе поверуваат во вистината. [26]Потоа тие ќе се освестат, и ќе побегнат од стапицата на ѓаволот, во која тој ги држел заробени за да прави со нив што ќе посака.**

Имаш ветување од Бог дека Светиот Дух ќе те упати во сета вистина (Јован 16:13). Единствен начин да се чуваш од сатаната и да не бидеш измамен е да ја знаеш виситната. Проучувањето на Божјиот збор и да го слушаш Бог се две од најдобрите методи за да го постигнеш тоа. Ако во твојот ум дојде мисла за која не си сигурен дали е од Бог, провери што вели Библијата за тоа. Ако е во согласност со Божјиот збор, можеш да си прилично сигурен дека е ВО РЕД да го направиш тоа.

## 5. Не го сфаќаш сатаната и неговите искушенија сериозно

Во Јаков 4:7, Бог ни кажува да му се спротивставиме на ѓаволот кога ќе дојде со своите искушенија. Некои луѓе би сакале да бидат во мир и со Бог и со ѓаволот. Тие го толерираат сатаната. "Тој има направено грешки во животот. Но, тој не е толку лош."

Треба цврсто да заземеме став дека сме на Божјата страна и да одбиеме да го слушаме сатаната кога тој ќе дојде. Ако не се спротивставиш на предлозите на ѓаволот, набрзо ќе бидеш фатен во неговата стапица.

## 6. Можеби мислиш дека е ВО РЕД да се прави грев, бидејќи Бог секогаш простува

Оној што си мисли дека денес може да направи грев и дека потоа, кога и да посака, лесно ќе добие прошка од Бог - е тргнат кон голема неволја. Таквиот став е спротивен на она што Библијата поучува дека е правилен начин на живот. (Види во Пословици глава 1, особено стиховите 20-33.)  Не можеме да ја злоупотребуваме Божјата милост. Вистинското покајание значи да му се сврти грбот на гревот и да се отпочне со нов начин на решавање на таа одредена потреба или на тоа искушение.

## 7. Дозволуваш твоите желби да излезат од контрола

Доколку им дозволиш, твоите желби и страсти може да станат многу силни. Всушност, ако не ги сопреш, тие ќе имаат контрола над твоите мисли и дела. Твоите емоции се тесно поврзани со твоите желби. Веројатно си видел како некој толку многу се налутил, што изгубил контрола над својата моќ за нормално расудување. Во тие моменти, личноста вообичаено кажува и прави работи за кои подоцна му е жал.

Ако не си внимателен, твоите желби можат да станат толку силни што ти повеќе нема да имаш сила ниту волја да кажеш не. Во книгата Пословици, Бог нè предупредува да имаме контрола над нашите желби. Исто види и Јаков 1:14-16.

**Пословици 7:24-25**

**Затоа, сине мој, послушај ме, и чуј ги зборовите на мојата уста:**
**25 нека твоето срце не застранува (не тргнувај по лошите желби).**

Ова предупредување од Бог во пословици, се однесува на тоа како да ги избегнеме сексуалните искушенија.

## 8. Искрен си, но сепак им попушташ на искушенијата

Да кажеме дека веќе неколку месеци си христијанин, и навистина сакаш да му служиш на Бог. Но, постои едно искушение на кое постојано му се предаваш секогаш кога ќе дојде. Знаеш дека тоа е грев. Ти го мразиш тоа и искрено ти е жал секогаш кога ќе паднеш во тој грев. Но, се чини дека не можеш да го победиш тоа. Кое е решението?

Прво, потребна ти е Божја помош за да го надминеш било кое искушение. Ако се обидуваш да живееш христијански живот со твои сили, тогаш првата работа што треба да ја направиш, е да провериш дали Христос навистина е главен во твојот живот. Потоа, треба свесно да Го ставиш Бог на прво место во секоја ситуација со која се соочуваш.

Треба да бидеш искрен со Бог. Во моментот на искушението, треба да Му кажеш на Бог што се случува внатре во тебе. Ако навистина чувствуваш дека ќе потклекнеш и ќе му се предадеш на ова искушение, признај му го тоа на Бог. Можеби ти е полесно да Му се молиш на Бог, откако искушението ќе помине, а ти не си успеал да се спротивставиш. Многу е потешко да го тргнеш погледот од искушението пред да попуштиш и да разговараш со Бог додека твојата потреба или желба сè уште не е задоволена т.е. исполнета. Но, тоа е можен начин кој ќе го спречи твојот неуспех.

Друг дел од проблемот може да биде, што ти не правиш ништо за да ја исполниш потребата или желбата на Божји начин. Можеби знаеш дека е грев да тргнеш по искушението на сатаната, но во исто време, не правиш ништо за да откриеш кое е Божјото решение на тој проблем. Или, знаеш кој е Божјиот начин за да се исполни таа потреба, но, не си донел цврста одлука дека потполно ќе му се посветиш на Бог. Во тој случај треба да донесеш одлука дека ќе го следиш Божјиот начин, и потоа, не дозволувај ништо да те предомисли.

# В. Што треба да направиш откако си попуштил и си паднал во искушение?

Ако си попуштил, си паднал во искушение и си направил грев, не се предавај. Бог не те отфрлил. Исто така, немој да останеш во твојот грев. Без разлика колку голем или мал е твојот грев, веднаш треба да преземеш акција.

## 1. Признај го твојот неуспех

Не се обидувај да го игнорираш твојот грев или пак да го покриеш. Признај го пред Бог и пред себе. Исповедај го твојот грев и Бог ќе ти прости. Исто така, може да биде од помош да го исповедаш твојот грев пред друг христијанин, ако мислиш дека таа личност може да ти помогне да го откриеш Божјиот начин за да го надминеш овој проблем.

Ако твојот грев влијаел на други луѓе, мораш да отидеш и да се исповедаш пред нив и да бараш прошка од нив.

## 2. Препознај ја твојата потреба или желба и направи план како да ја исполниш истата на Божји начин

Ако сакаш успешно да се спротивставуваш на искушенијата кои те наведуваат на грев, ќе треба да знаеш кој е Божјиот начин за исполнување на твоите потреби и желби. Дури и ако сè уште доживуваш привремено задоволство бидејќи ги исполнуваш твоите потреби на начинот на сатаната, треба со сигурност да знаеш дека решенијата на ѓаволот се само привремени. Твојата потреба ќе се врати, па затоа уште денес почни да планираш како ќе ја исполниш таа потреба кога ќе се појави следниот пат. Можеш да замолиш и некој друг христијанин да ти помогне во тоа или да се моли со тебе.

## 3. Оцени ја твојата посветеност на Христос

Кога ќе доживееш неуспех и ќе попуштиш пред искушението на сатаната, тоа можеш да го искористиш како прилика за да се приближиш поблиску до Бог. Кажи му на Бог што сакаш да направиш и потоа направи ги неопходните промени за Исус да остане прв во твојот живот.

## 4. Повикај се на Божјите ветувања за сила

Божјите ветувања не се дадени само за славните христијанските водачи на денешницата. Ти исто толку имаш право да се повикаш на тие ветувања, колку што имаат и тие. Ветувањето од Филипјаните 4:13 важи и за тебе: “Сè можам да сторам бидејќи Христос ми дава сила“. Ветувањето од 1 Коринтјаните 10:13 е добро да го научиш напамет и да си го кажуваш на себе секогаш, а особено кога не се чувствуваш блиску до Бог.

Пронајди и други стихови кои се однесуваат на специфичните искушенија кои за тебе се најтешки да ги надминеш и кажувај си ги тие стихови во текот на секој ден. Постои литература каде се наведени Божјите ветувања, па можеш таму да побараш стихови кои се однесуваат на некои од искушенијата со кои се соочуваш. Замоли го твојот учител да ти помогне да ги пронајдеш тие наслови кои ја обработуваат таа тема.

## 5. Не се обвинувај себеси

Не се задржувај на твоите неуспеси. Ѓаволот сака да те обвинува поради твојот неуспех. Тој ќе стори сѐ што може за да те обесхрабри и да те натера да веруваш дека ти си целосен неуспех. Не му дозволувај да те измами со своите аргументи. Ако си ги исповедал своите гревови пред Бог, не треба следните три дена да бидеш мрачен и нерасположен, казнувајќи се себеси поради неуспехот.

Ѓаволот сака да се самосожалуваш и да си толку депресивен поради твојот неуспех, што дури нема ни да се обидуваш да живееш на христијански начин. Многу пати, тој ќе те потсети на твојот неуспех неколку дена, недели или години подоцна. Тогаш тој ќе те обвинува: "Види што направи! Нели тоа беше ужасно? Ти навистина направи грев! Ти не си никаков пример за христијанин! Навистина си виновен за она што го стори!"

Немој да ги слушаш лагите на сатаната. Ако Бог ти простил, тогаш нема потреба постојано да ги истакнуваш твоите минати неуспеси, одново и одново.

## Заклучок

Да, одвреме навреме, ќе доживуваш неуспех – исто како и сите други христијани. Но, не заборавај да бараш од Бог сила и мудрост за да се спротивставиш на секое искушение кое го праќа сатаната.

Ако работиш на себе и го прифатиш библискиот образец по кој ќе реагираш кога ќе се појави проблем, наскоро ќе видиш дека ѓаволот бега од тебе. Бог го ветува тоа.

**Јаков 4:7**

**И така, покорете Му се на Бога: а противете се на ѓаволот и ќе побегне од вас.**

Треба да си подготвен за искушенијата и да го следиш примерот на Исус - да се приближиш поблиску до Бог секогаш кога се соочуваш со искушение. Ако твоите потреби и желби ги исполнуваш на Божји начин, тогаш ќе го имаш најдобриот можен живот овде на земјата; задоволството ќе биде трајно и исполнето со мир.